**20232774869**

**ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 56 став 1 точка 3, а во врска со член 54 став 1 точка 8 од Закон за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија" број 25/2000, 34/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009, 50/2010, 156/2010, 53/2011, 26/2012, 91/2013, 187/2013, 43/2014, 44/2014, 97/2014, 112/2014, 113/2014, 188/2014, 20/2015, 61/2015, 98/2015, 129/2015, 150/2015, 154/2015, 192/2015, 217/2015, 27/2016, 37/2016, 120/2016, 142/16 171/2017и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 275/2019, 77/2021, 285/2021, 60/2023, 154/2023 и 209/2023) и Правилникот за утврдување на начин и методологија за утврдување на цени на ортопедски и други помагала („Службен весник на РСМ, бр. 130/2019 и 206/2023), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија на седницата одржана на 18 декември 2023 година, донесе

**ОДЛУКА ЗА УТВРДУВАЊЕ НА РЕФЕРЕНТНИ ЦЕНИ ЗА ЗАБОТЕХНИЧКИ И ЗАБНОПРОТЕТИЧКИ ПОМАГАЛА, ШТО ПАЃААТ НА ТОВАР НА ФОНДОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Член 1

Со оваа одлука се утврдуваат референтните цени за изработка на заботехнички и забнопротетички помагала изработени од стандарден материјал, на товар на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија, според Правилникот за индикациите за остварување на право на ортопедски и други помагала („Службен весник на Република Македонија"33/2011, 66/2011, 99/2011, 5/2012, 84/2012, 159/2012, 151/2013, 10/2014, 113/2014, 189/2014, 1/2015, 46/2015, 211/2015, 158/2016, 45/2018, 129/2018, 160/2018, 228/2018, 10/2019, 20/2019, 44/2019 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 82/2019, 222/2019, 239/2019, 31/2020, 53/2020, 278/2020, 121/2021 и 220/2022), (во понатамошниот текст: Правилник за ортопедски помагала).

Член 2

Како референтни цени за изработка на заботехнички и забнопротетички помагала изработени од стандарден материјал од член 60 од Правилникот за ортопедски помагала се утврдуваат:

| Ред.бр.<br>Nr. rend. | Назив на помагалото<br>Emri i pajisjes | Единечна цена со сите давачки<br>Çmimi për njësi me të gjitha dety |
|---|---|---|
| 1. | Тотална акрилатна горна протеза<br>Protezë tërësore e sipërme akrile | **3.133,00** |
| 2. | Тотална акрилатна долна протеза<br>Protezë tërësore e poshtme akrile | **3.133,00** |
| 3. | Парцијална акрилатна горна протеза<br>Protezë e pjesshme e sipërme akrile | **3.365,00** |
| 4. | Парцијална акрилатна долна протеза<br>Protezë e pjesshme e poshtme akrile | **3.365,00** |
| 5. | Активен апарат горен<br>Aparat aktiv i sipërm | **1.748,00** |
| 6. | Активен апарат долен<br>Aparat aktiv i poshtëm | **1.748,00** |
| 7. | Пасивен подвижен апарат моноблок<br>Aparat pasiv i lëvizshëm monoblok | **2.485,00** |
| 8. | Пасивен ортодонтски апарат пропулзор<br>Aparat pasiv ortodontik propulzor | **2.473,00** |
| 9. | Функционален апарат по Frankel, Balters,Grude<br>Aparat funksional sipas Frankelit, Baltersit, Grudes | **2.536,00** |
| 10. | Брадодржалка со капа<br>Mbajtës nofulle me kapak | **813,00** |

Член 3

Референтните цени од член  2 на оваа одлука се утврдуваат по метододологија на добивање на најниска цена со споредба на најниската цена на истовидното помагало во референтните земји утврдени со Законот за здравственото осигурување, и цената добиена врз база на анализа спроведена од податоците добиени од најмалку една јавна здравствена установа во Република Северна Македонија, Стоматолошката комора на Република Северна Македонија и Комората на приватното здравство, според податоци за трошоците утврдени во членот 4-а од  Правилникот за утврдување на начин и методологија за утврдување на цени на ортопедски и други помагала, како максимални цени кои Фондот ги надоместува за изработка на заботехнички и забнопротетички помагала.

Во референтната цена за изработка на заботехнички и забнопротетички помагала во смисла на член 2 на оваа одлука не спаѓа цената за здравствените услуги на докторот-стоматолог специјалист.

Член 4

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна  Македонија“, а ќе се објави по добивањето на согласност од министерот за здравство.

Бр. 02-23570/10
19 декември 2023 година
Скопје

Управен одбор
Претседател,
**Fadil Cana,** с.р.